# ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ „МЕЃАШИ“

## Годишен извештај за 2004 година

**Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“** се залага за почитување на детската личност преку заштита на нивните права, преку застапување на детските интереси и преку збогатување на животот со содржини што го прават детството сигурно и творечко. Го зајакнува движењето на ЗГ за правата на детето во Република Македонија, развивајќи го волонтерскиот пристап во работата и се грижи за спроведување на Конвенцијата за правата на детето.

Главни проектни активности спроведени од Амбасадата „Меѓаши“ во текот на 2004 година се следните:

- **СОС-телефонот за деца и млади** – СОС-службата во 2004 година одговори на 414 повика и оствари 23 средби со деца, млади и родители. Јавувањата најчесто беа поврзани со проблеми во семејството и проблеми поврзани со насилство од различен тип (сексуално злоупотребување, психичко и физичко малтретирање, злоупотреба на детскиот труд). Волонтерите поминаа серија тренинзи и работилници за подобрување на тимската работа и организација на СОС-телефонот. Во 2004 година СОС-телефонот за деца и млади стана член на „Child Helpline International“. Проектот е финансиран од Балканската фондација за деца и млади и Кралската амбасада на Холандија.
- **Прифатилиште за деца во кризна состојба** - Згрижени се 16 раселени лица од с. Арачиново, од кои 8 се деца, со финансиска поддршка од Министерството за труд и социјална политика.
- **Македонски волонтери во акција -** Мак акција е финансиски најголемиот проект реализиран од Организацијата во текот на 2004 година. Целта е да ги стимулира волонтерството и помошта на заедницата преку неформална обука и минимална финансиска поддршка за активностите и волонтерите. Проектот е финансиран од УСАИД (USAID – The Community Self-Help Initiative), од ПРИСМА (PRISMA) и од ОБСЕ (OSCE).
- **Ненасилна разработка на конфликти** – Иницијативата за подобро меѓусебно разбирање е проект за подобрување на комуникацијата меѓу средношколците од македонско и средношколците од албанско етничко потекло. Проектот е финансиран од Институтот за трајни заедници.
- **Акциски план -** Во рамките на проектот за подобрена заштита на децата е подготвена брошура којашто ги содржи предлозите и препораките што се однесуваат на социјалните и другите права на децата во Република Македонија. Проектот е финансиран од УСАИД (USAID – World Learning).
- Освен погоренаведените активности, ПДАС „Меѓаши“ ги реализира своите редовни долгогодишни активности по пат на самофинансирање, како што се: детските работилници, правното застапување и лобирање, социјално-хуманитарната помош, издавањето публикации, учеството на меѓународни семинари, обуки и конференции.

## Структура на Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“

**Колегиум**

Коле Ангеловски, амбасадор (режисер); м-р Драги Змијанац, извршен директор и со-основач (магистер по одбрана); Гордана Пирковска Змијанац, програм раководителка и основач (педагог); д-р Марија Доневска, член на колегиум (професорка); Благоја Чоревски, член на колегиум (актер); Реџеп Раими, член на колегиум (наставник); Роза Василевска, член на колегиум (педагог); Милица Панева, член на колегиум (економистка); Ана Битољану, член на колегиум (професорка по етика); Лидија Балтовска, член на колегиум (електро инжинерка); Благица Сиљановска, член на колегиум (стопанственичка).

**Почесни членови на колегиум:**

Методија Најчевски, радио аматер; Јово Димитријевиќ, спортски коментатор; Миралем Зупчевиќ, актер и режисер; Есма Реџепова, музички уметник.

**Извршен колегиум:**

м-р Драги Змијанац, извршен директор; Гордана Пирковска Змијанац, програм раководителка; Нина Костова, програмска асистентка (педагог); Митко Ѓоргиев, проект координатор (студент); Флоријан Наумов, проект координатор (психолог).

**Проектен персонал:**

Снежана Јаневска (економистка), Елизабета Атанасовска (информатичарка), Маја Таневска (филолог), Елена Дамјанова (студентка) и Илија Дојчиновски (психолог).

**Администрација:**

Јована Јосифовска, технички секретар (професорка по одбрана), Тодорка Кланџевска, сметководителка (економистка прв степен).

**Логистика:**

Слободанка Богоевска, домаќинка; Бранко Јанковски, домаќин

За повеќе информации можете да се обратите во ПДАС „Меѓаши“.



ул. Коста Новаковиќ бр. 22а, 1000 Скопје
тел: +389 2 246 53 16 факс: +389 2 246 39 00
e-mail: first@childrensembassy.org.mk
www.childrensembassy.org.mk

## БИЛАНС НА УСПЕХ

за годината завршена на 31 декември 2004

| *во денари* | **2004** | **2003** |
|---|---|---|
| Приходи од донации | 11.088.188 | 22.085.574 |
| Приходи од самофинансирање | 296.608 | 175.623 |
| **Вкупно приходи** | 11.384.796 | 22.261.197 |
| Програмски расходи | 12.861.211 | 21.854.273 |
| **Програмски расходи** | 12.861.211 | 21.854.273 |
| **(Кусок)/вишок за годината** | (1.476.415) | 406.924 |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

на 31 декември 2004

| *во денари* | **2004** | **2003** |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| Материјални вложувања | 1.631.868 | 2.359.883 |
| **Вкупно постојани средства** | **1.631.868** | **2.359.883** |
| Парични средства и паричен еквивалент | 596.138 | 1.884.410 |
| Побарувања | 208.400 | 208.400 |
| **Вкупно тековни средства** | **804.538** | **2.092.810** |
| **Вкупна актива** | **2.436.406** | **4.452.693** |
| **Пасива** | | |
| Деловен фонд | 2.400.920 | 4.315.958 |
| **Вкупно деловен фонд** | **2.400.920** | **4.315.958** |
| Обврски | 35.486 | 136.735 |
| **Вкупно тековни обврски** | **35.486** | **136.735** |
| **Вкупна пасива** | **2.436.406** | **4.452.693** |

ПДАС Меѓаши ги обезбедува средствата од следните извори: USAID – Community Self-Help Initiative; Македонски центар за меѓународна соработка; Министерство за труд и социјална политика; PRISMA; Балканска фондација за деца и млади; Институт за трајни заедници; Холандска Амбасада; Донации од вработените; Донации од други лица и од претпријатија; USAID – World Learning; OSCE; Влада на Република Македонија.

КПМГ Македонија д.о.о.
Ул. „Даме Груев" бр.28, 4ти кат
Скопје 1000
Република Македонија

тел: + 389 (2) 3135 220
факс: + 389 (2) 3111 811
е-пошта: kpmg@kpmg.com.mk
www. kpmg.com.mk

## Независен Извештај на ревизорот до Прва детска амбасада во светот Меѓаши

Извршивме ревизија на придружниот биланс на состојба на Прва детска амбасада во светот Меѓаши ("Организацијата") на 31 декември 2004 година, како и на поврзаните со него биланс на приходи и расходи и движењето на деловниот фонд за годината тогаш завршена. Одговорноста за финансиските извештаи е на раководството на Организацијата. Наша одговорност е да искажеме независно мнение, базирано на извршената ревизија.

Ревизијата ја извршивме во согласност со Меѓународните стандарди на ревизија. Овие стандарди изискуваат да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да се здобиеме со разумна увереност дека финансиските извештаи не содржат материјално значајни грешки. Ревизијата вклучува испитување, врз основа на тестирање, на евиденциите што ги поткрепуваат износите и образложенијата во финансиските извештаи. Таа исто така вклучува осврт на користените сметководствени принципи и значајните проценки направени од раководството, како и оценка за адекватноста на прикажувањето на информациите во финансиските извештаи. Ние сме убедени дека нашата ревизија обезбедува разумна основа за нашето мнение.

Според наше мнение, финансиските извештаи реално и објективно ја прикажуваат финансиската состојба на Организацијата на 31 декември 2004 година, како и резултатот од работењето за годината тогаш завршена, во согласност со Македонските закони.

Скопје 7 јуни 2005 година

ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР НА РМ
Гордана Никушевска

КПМГ Македонија ДОО
ДИРЕКТОР
Ѓорѓи Чучук

KPMG Macedonia Ltd, established under Macedonian law, is a member of KPMG International, a Swiss cooperative.

Registered in the Basic court Skopje 1 Skopje with decision No. T.reg. 3433/1999.

Tax No. MK4030996107850.